20262524543

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 октомври 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/26 и 218/26) во делот II табелата се менува и гласи:

„

1.	Финансиска поддршка во земјоделството	
Број на подмерка	Име на подмерка	Корисници на подмерката и висина на финансиската поддршка
1.1	Финансиска поддршка за предадена оризова арпа на регистрирани откупувачи и/или преработувачи	Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат поднесено барање за површини со ориз по подмерка 1.1. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија и цвеќе“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година и поднесено барање за површина со ориз по подмерка 1.1 „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за поледелски култури“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година, кои имаат засеани и ожнеани површини со ориз и остварено производство го имаат предадено на регистрирани откупувачи и/или преработувачи во период од 1 октомври 2025 година до 15 септември 2026 година и кои се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски

		производи. Не се корисници на оваа подмерка регистрираните откупувачи и/или преработувачи на ориз кои се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, како и субјектите кои извршиле увоз на оризова арпа и/или бел ориз во период од 1 октомври 2025 година до 15 септември 2026 година. Максималната количина на оризова арпа која е прифатлива за финансиска поддршка е 6.000 килограми по хектар со оризова арпа по подмерка 1.1 „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични, зачински растенија и цвеќе“ од Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година. Висината на финансиската поддршка изнесува 8 денари по килограм за количини оризова арпа предадени во период од 1 октомври 2025 година до 15 септември 2026 година.

“

II

Во делот III ставот 1 се менува и гласи:

„Финансиската поддршка од дел II за подмерката 1.1. „Финансиска поддршка за предадена оризова арпа на регистрирани откупувач и/или преработувачи“ од оваа програма, ќе се врши врз основа на податоци за предадена оризова арпа на регистрирани откупувачи и/или преработувачи кои се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кои до Агенцијата ги доставува Државниот инспекторат за земјоделство за секое земјоделско стопанство одделно, најдоцна до 20 ноември 2026 година.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-8295/8
27 октомври 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.